**ПРЕЧИСТЕН ТЕКСТ НА ПРАВИЛНИК ЗА ВИДОТ И ИЗНОСОТ НА ЦАРИНСКИТЕ НАДОМЕСТОЦИ ЗА НАПРАВЕНИ УСЛУГИ ВО ЦАРИНСКАТА ПОСТАПКА – НЕОФИЦИЈАЛНА ВЕРЗИЈА 1**

## Член 1

Со овој правилник се утврдува видот и износот на царинските надоместоци кои царинскиот орган ги наплатува за услугите направени во царинските постапки

Пречистениот текст на правилникот е изготвен врз основа на текстот на Правилникот за видот и износот на царинските надоместоци кои царинскиот орган ги наплатува за услугите направени во царинските постапки е (Сл. Весник на Република Македонија бр.89/07, 107/08, 192/14, и 46/15

## Член 2

Видот и износот на царински надоместоци кои царинскиот орган ги наплатува за услугите направени во царинските постапки се следните:

| Реден Број | Опис на надоместокот | Износ во денари |
|---|---|---|
| 1. | Преглед на стока на место различно од место одредено за таа цел од страна на царинскиот орган, на барање на декларантот | 600,00 денари за еден час ангажиран еден царински службеник, при што, секој започнат час се смета како цел час |
| 2. | Преглед на стока во време различно од работното време на царинскиот орган, на барање на декларантот | 600,00 денари за еден час ангажиран еден царински службеник, при што, секој започнат час се смета како цел час |
| 3. | За пристап и користење на компјутерскиот систем на Царинска управа (МАКЦИС) се плаќа надоместок по поднесена и прифатена царинска декларација, и тоа за:<br>- Увозни царински декларации, вклучувајќи ги декларациите поднесени и прифатени во поедноставени постапки<br>- Извозни царински декларации, вклучувајќи ги декларациите поднесени и прифатени во поедноставени постапки<br>- Транзитни царински декларации, освен оние кое се поднесени и прифатени согласно со меѓународен договор кон кој Република Македонија пристапила или ратификувала | 70,00 денари |
| 4. | Лабораториско испитување на земена мостра од стока која се царини, само доколку со испитувањето се утврди дека се работи за погрешна тарифна ознака во однос на декларираната или доколку е земена мостра на барање на декларантот<br>- Растителни и животински производи (Глава 02 до 24 од Царинската тарифа)<br>- Минерални производи, хемиски производи, пластични маси и производи од нив, каучук и производи од каучук, кожа, дрво, хартија (Глава 25 до 40 од Царинската тарифа)<br>- Текстил, обувки и покривки (Глава 41-67 од Царинската тарифа)<br>- Производи од камен, цемент, керамика, стакло (Глава 68 до 70 од Царинската тарифа)<br>- Прости метали и производи од метали (Глава 71-83 од Царинската тарифа)<br>- Машини, апарати, возила, мебел, играчки, старини (Глава 84-97 од Царинската тарифа)<br>- Мислење само врз основа на техничка | 4.000,00 денари<br>3.600,00 денари<br>3.600,00 денари<br>3.200,00 денари<br>2.800,00 денари<br>4.000,00 денари<br>2.000,00 денари |

| | | |
|---|---|---|
| | документација<br>Трошоците направени во други институции се наплатуваат на износот на фактурираните трошоци од страна на тие институции | |
| 5. | Образец ЕУР1 кој го продава царинскиот орган | 60,00 денари |
| 6. | За испраќање на преглед на доспеани неплатени обврски заедно со опомена по 467 од Уредбата за спроведување на царинскиот закон | 500,00 денари |